Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Статутот на Општина Македонски Брод (Пречистен текст) („Службен гласник на Општина М.Брод бр.7/2017), и Одлуката за формирање на Совет на млади на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина М.Брод“ бр.11/2014), Советот на Општина Македонски Брод објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

1.Се отпочнува постапка за избор на членови на Советот на млади на Општина Македонски Брод.

Советот на млади на Општина Македонски Брод е советодавно тело на Советот на Општина Македонски Брод, основано заради подобрување на положбата и решавање на проблемите на младите во општината.

Во Советот на млади на Општина Македонски Брод можат да членуваат млади со постојано место на живеење на територијата на Општина Македонски Брод со старосна граница од 15 до 30 години.

2.Советот на млади на Општина Македонски Брод брои 5 членови.

Советот на млади од своите редови избира претседател.

Членовите на Советот на млади на Општина Македонски Брод се бираат со мандат од четири години.

3. Право на предлагање на кандидати за членови во Советот на млади на Општина Македонски Брод имаат: Невладини организации и Здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

4.При предлагањето на кандидатите се поднесуваат следните документи:

– Решение од Централен регистар на РСМ за регистриран облик на здужување не постаро од шест месеци;

-(Предлог за кандидат за член на Советот на млади на Општина Македонски Брод.);

-Документација од која е видливо дека кандидатите ги исполнуваат условите од точка 1 од овој јавен повик (Извод од матична книга на родени или фотокопија од лична карта );

-Кратка биографија на кандидатот.

Ненавремено доставени документи и нецелосна документација нема да се разгледува.

5.Рокот за поднесување на предлози за кандидат за членови на Советот на млади на Општина Македонски Брод е 7 дена од објавувањето на овој Јавен повик.

Предлозите за кандидати за членови на Советот на млади на Општина Македонски Брод, со назнака “Предлог кандидат за избор на членови на Советот на Млади на Општина Македонски Брод”, се доставуваат на адреса Општина Македонски Брод ул.„7-ми Септември“. бр.4, Македонски Брод со назнака за Комисија за мандатни прашања избори и именувања,

Јавниот повик ќе биде објавен на огласна табла и на ВЕБ страната на Општина Македонски Брод.